РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1773/2
12-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 09-1773/1 од 17.04.2026 година, СЕ ОТФРЛА, поради тоа што лицата кои се пријавени за постапување спротивно од одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во ситуација на постоење на судир на интереси не се службени лица согласно член 8 став (2) од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 17.04.2026 година од страна на Министерството за култура доставена е пријава за надлежно постапување со наводи за постоење судир на интереси и неправилности при организација на фестивалите ''Тумба Фест'' – Куманово и детскиот Фестивал ''Распеано детство''.

Имено, во пријавата наведени се лица кои не се службени лица согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со кој е предвидено следното:
„(2) Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес

што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека согласно наводите не може да се поведе постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со оглед на тоа дека Државната комисија има надлежност да постапува и да утврдува постоење на состојба на судир на интереси во конкретни ситуации кои се однесуваат на службени лица.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut